Swedish Helsinki Committee for Human Rights

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# Број 9

# Медиумско огледало

**мај 2006**

НВО ИНФОЦЕНТАР

*Електронската верзија на извештајот ќе ја најдете на* ***www.nvoinfocentar.org.mk***

## Мониторинг на медиумите во Република Македонија, 2005/2006

**Уредник:** м-р Горан Стојковски

**Автори на анализите:** Билјана Михајловска, Даут Даути, Искра Паскалова, м-р Маријана Марковиќ и м-р. Гоце Величковски

**Набљудувачи:** Александар Стевановски, Анета Нечак, Ангела Кузманова, Васил Ашталкоски, Елена Славковска, Едмонд Сотир, Ирена Христов, Кристина Трајкова, Нагип Шаља, Султана Чулева, Тина Гирова, Татјана Гаштаровска

**НВО Инфоцентар:** Градски ѕид, блок 8, 1000 Скопје; тел/факс: (02) 3233 560; 3216 690
contact@nvoinfocentar.org.mk; info@nvoinfocentar.org.mk
**www.nvoinfocentar.org.mk**

## СОДРЖИНА


**1. Вовед** 3

**2. Односот на медиумите кон општествено-политичките настани и начинот на информирање** 3

**2.1. Општи заклучоци** 3

**2.1.1. Споредбени податоци за следењето на општествено-политичките теми** 4

**2.2. Коментар за односот на медиумите кон темите** 4

**3. Специфичности** 8

**3.1. Телевизиски станици** 8

**ТВ „А1“** 8

**ТВ „Канал 5“** 9

**„МТВ 1“** 9

**„МТВ 2“ (Програма на албански јазик)** 9

**ТВ „Сител“** 10

**ТВ „Телма“** 10

**3.2. Дневни весници** 10

**„Вест“** 10

**„Вечер“** 11

**„Време“** 11

**„Дневник“** 12

**„Утрински весник“** 12

**„Факти“** 13

**ПРИЛОЗИ** 14

**Интензивност на објавени материјали по медиуми за анализиран период** 15

## 1. Вовед

„Медиумско огледало“ претставува континуиран мониторинг на медиумите во Република Македонија кој има за цел да даде јасна слика за професионалните стандарди и критериуми на информирање на медиумите, но и за начинот на кој тие ги следат и интерпретираат клучните општествени процеси и настани.

За потребите на овој мониторинг, прв од ваков вид во државава, е изготвена посебна методологија која беше тестирана од страна на тимот составен од уредник, аналитичари (5) и монитори (12). Резултатите од мониторингот се наоѓаат во овој извештај кој го опфаќа периодот од 3 до 14 мај 2006 година.

Во набљудувањето беа опфатени шест дневни весници и шест ТВ куќи на национално ниво: „Вест“, „Вечер“, „Време“, „Дневник“, „Утрински весник“, „Факти“, ТВ „А1“, ТВ „Канал 5“, „МТВ 1“, „МТВ 2“, ТВ „Сител“ и ТВ „Телма“. Селекцијата на овие набљудувани медиуми е направена врз основа на оценката за влијанието што тие го имаат или можат да го имаат врз целокупната јавност во Република Македонија.

Примената на методологијата покажува дали односот на медиумите кон случувањата е сеопфатен, умерен и избалансиран; дали новинарските текстови и прилози се поткрепени со наведени прецизни и јасни извори, дали се консултирани сите страни во конфликтните ситуации, дали се избегнуваат произволни коментари, вреднувања итн.

Освен тоа, анализата истражува како е предадена информацијата (обем, време, извор и место); дали е опремена со илустративен материјал; каков е третманот на различните политички опции и личности, на различните етнички и културни вредности, и тоа преку употребата на терминологија и јазик; како се користат новинарските жанрови и дали има и какви се разликите меѓу набљудуваните медиуми во однос на претставувањето исти настани и појави. Едновремено, мониторингот ја анализира и евентуалната позиционираност на медиумите во однос на власта, опозицијата, етничките заедници, определени политички опции или политички убедувања.

Предмет на анализа беше односот на медиумите кон:

1. Меѓународните интегративни прашања кои се однесуваат на Република Македонија: ЕУ, НАТО, решавање на спорот со името, Хаг, тероризмот;
2. Регионот: релациите на Република Македонија со Косово, Србија, Албанија, Грција и Бугарија;
3. Внатрешно-политичките настани и безбедноста: децентрализацијата, структурните реформи (судството).
4. Декада за општествено вклучување на Ромите

Во овој период беа анализирани 456 објавени материјали: текстови, илустрации, стрипови и карикатури, прилози во централните дневно-информативни емисии кои се однесуваат на посочените тематски области.

## 2. Односот на медиумите кон општествено-политичките настани и начинот на информирање

### 2.1. Општи заклучоци

● Карактеристично за медимите во овој период е тоа што во информирањето за евроинтегративните процеси доминираше критиката насочена кон власта, но и кон политичката елита воопшто. Скептицизмот во врска со еврокапацитетите на македонската политика и на општетството во целина, медиумите најчесто го извлекуваат од пласираните критики на *експертите*, кои пак зачестено се јавуваат во улога на *колумнисти*. Проблематичното во овие случаи е тоа што повеќето *колумнисти-експерти* едновремено се и партиски ангажирани

личности, па останува нејасно дали нивните ставови се навистина експертиза или се само дел од интензивната неофицијална предизборна кампања на нивните партии.

● Македонско-бугарските односи се се поприсутни во медумите, особено во контекст на македонското историско наследство. Во мај, најкарактеристично за медиумите беше тоа што повеќето од нив се огласија и истакнаа дека не се согласуваат со иницијативата за заедничка прослава на Илинден.

● Во овој период е забележан и еден вистински куриозитет во шпекулативната употреба на извори на информации: „*ни шепна грчкиот дипломат*“ (во „*`Миговите` и намигнуваат на Македонија*“, „Време“, 12.05.2006). Изворите на информации како, на пример, „*познавачите на процедурата*“, „*европски функционер*“, „*тврдат во Брисел*“, толку често се користат во медиумите, што веќе може да се констатира дека претставуваат своевиден (квази)стандард во македонското новинарство.

Сепак, забележано е и едно коректно објаснување за причините зошто се користи анонимен извор - „*дипломат кој се согласи да прогнозира под услов да не биде имануван*“ („Дневник“, 08.05.2006).

### 2.1.1. Споредбени податоци за следењето на општествено-политичките теми

Медиумите во периодот од 3 до 14 мај 2006 година, главно беа фокусирани на односите на Македонија со соседите (148 новинарски материјали), како и на евроинтеграциските процеси (131 прилог). За нив од посебен интерес се односите со Косово, односно демаркацијата на границата, но и односите со Бугарија во контекст на македонското културно наследство.

Според бројот на објавените материјали за односите на Македонија со соседите најзаинтересиран беше весникот „Време“ (28), потоа „Дневник“ (22) и „Утрински весник“ (14). Најмалку прилози на оваа тема објави ТВ „Телма“ (6).

За второрангираната тема според вкупниот број објавени материјали - Македонија и ЕУ - најмногу прилози повторно објавија „Време“ (22), „Дневник“ (18) и „Утрински весник“ (16).

На реформите во судството, пак, во овој период им беа посветени 54 прилози, додека најмалку застапена тема беше Декадата за општествено вклучување на Ромите, со само 8 новинарски материјали.

Деталниот статистички преглед за тоа како секој медиум покривал определена тема е презентиран во прилогот на крајот од овој извештај (***Табела за интензитетот на објавување материјали по медиуми за анализираниот период***).

## 2.2. Коментар за односот на медиумите кон темите

### Македонија и ЕУ

Карактеристично за медимите во овој период е тоа што во информирањето за евроинтегративните процеси доминираше критиката насочена кон македонската власт, но и кон политичката елита воопшто. Скептицизмот во врска со еврокапацитетите на македонската политика и на општетството во целина, медиумите најчесто го извлекуваат од пласираните критики на *експертите*, кои пак зачестено се јавуваат во улога на *колумнисти*. Проблематичното во овие случаи е тоа што повеќето *колумнисти-експерти* едновремено се и партиски ангажирани личности, па останува нејасно дали нивните ставови се навистина експертиза или се само дел од интензивната неофицијална предизборната кампања на нивните партии.

Едновремено, иако поретко, сепак, медиумите ги коментираа и силниот бран на евроскептицизам којшто се појави во Европската унија, ксенофобичниот отпор кон новите потенцијални членки, како и сомневањата во единствениот европски идентитет.

Сериозната загриженост и отворениот песимизам поради можноста подолго време да нема нови проширувања на ЕУ, медиумите, до некаде ги балансираат со надежта за успешно - според барањата на ЕУ - спроведени избори, успешни реформи во судството, полицијата... Инаку, зголемувањето на ваквата загриженост и страв (консеквентно: општ песимизам) е видлива тенденција во секој нов мониториран и анализиран период.

Случајот „Ел Масри“, сепак, ги фрла во сенка останатите евроинтегративни теми и, иако поголемиот дел од изворите што се користат се јасно именувани, забележлива е тенденцијата на зголемување на бројноста на шпекулативните неименувани извори во врска со оваа тема.

**Македонија и НАТО**

Во периодот опфатен со овој мониторинг се забележува зголемен медиумски интерес за оваа тема. Материјалите, како и досега, претежно имаат карактер на информативно презентирање на актуелните настани, иако не се исклучени и новинарски коментари, сугерирања и пораки (во самиот текст, насловите/најавите, легендите на илустрацијата). Таквите авторски интервенции се сместени во прилозите кои инаку се претставени како жанровска форма со информативна структура.

Средбата на премиерите на државите членки на Јадранската група со американскиот потпретседател Дик Чејни во Дубровник, Хрватска, беше повод за зголемен интерес на медиумите. По овој настан, исто така зголемено медиумско внимание предизвикаа: изјавата на Курт Вокер за шансите на Македонија да биде поканета во 2008 година да стане членка на НАТО (заедно со Хрватска и Албанија), како и отворањето на Центарот за поддршка на НАТО на Балканот со седиште во Скопје.

Станува вообичаено известувањето за темите медиумите да го поврзуваат со претстојните избори, дури и тогаш кога нема конкретен повод за такво поврзување на теми и настани. Така, оваа тендеција беше констатирана и во информирањето за интегрирањето на Македонија во НАТО.[1]

Весникот „Време“, во рамките на темата Македонија и НАТО, лансираше една поттема која се однесува на бугарско-македонските односи и соработка. Весникот пласира вест и се обидува да ја разјасни таа вест за навестувањата дека Бугарија би учествувала во одбраната на македонското небо како дел од стратегијата за одбрана на земјите-членки на НАТО („*Бугарски авиони ќе го чуваат македонското небо*“, 11.05.2006; „*`Миговите` и намигнуваат на Македонија*“, 12.05.2006).[2]

**Македонија и Хашкиот трибунал**

За медиумите најпривлечна тема е односот на македонските политички субјекти кон случајот Љубе Бошковски, но и релациите меѓу обвинителството во Хаг и македонските власти. Односот на политичките субјекти најчесто се квалификува како „*фарсичен*“ или пак „*со вкалкулиран интерес за претстојните избори*“. Најчесто, дискурсот во презентираните материјали упатува на констатацијата дека Владата ангажирано се труди да обезбеди гаранции за времено ослободување на Бошковски, како и средства за неговата одбрана. Можноста од извесно изборно профитирање со „случајот Бошковски“, медиумите најчесто ја поврзуваат со ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО-НП, иако од таквите претпоставки не е исклучен ни премиерот Бучковски.

Иако според бројот на објавените прилози предничи „случајот Бошковски“, медимите не го исклучуваат ни случајот „киднапирани Македонци“.

---

[1] Едно е кога медиумите ќе цитираат актер во настанот, т.е. неговото инсистирање за фер и демократски избори (американскиот потпредседател Дик Чејни на средбата со премиерите на членките на Јадранската група), а сосема е друго кога уредникот на вестите, во најавата на прилогот, сугерира дека „шансите на Македонија да стане членка на НАТО ќе бидат картата на која владејачката гарнитура ќе игра на претстојните избори, покривајќи го на тој начин недостигот од конретни резултати во привлекувањето на странските инвестиции“ (**ТВ „А1“**, 12.05.2006).

[2] Непотребната несериозност присутна во конструкцијата на насловот за едно сериозно и интересно прашање е забележлива и во прилогот каде авторот ги цитира „*шепотењата*“ со својот „*грчки дипломатски извор, кој сака да остане анонимен*“ („*Тоа веќе е решено на ниво на НАТО. Нема што македонската влада да одлучува која држава ќе и го штити небото, кога таква одлука е донесена во НАТО` - ни шепна грчкиот дипломат*“).

**Македонија и соседите**

Речиси сите материјали посветени на македонско-косовските односи се однесуваат на средбата меѓу македонскиот и косовскиот премиер, односно меѓу Владо Бучковски и Агим Чеку. Основата и контекстот на приказните и натаму е демаркацијата на границата. Покрај критиката и неодобрувањето на позиците на Чеку, својата критичка острица медиумите ја насочија и кон македонскиот политички врв, пред се кон премиерот Бучковски и претседателот Црвенковски. Како пример за ставот и оцената на медиумите (што се забележуваат скоро кај сите), може да послужи легендата под една илустрација објавена во „Време“: „*Противречните ставови на челниците од државниот врв ја ослабеа македонската позиција за границата*“ (04.05.2006).

Повеќето медиуми на македонски јазик демонстрираат склоност критиката за неодбележувањето на границата да ја насочуваат главно кон Чеку, потоа и кон Бучковски, а поретко кон претседателот Црвенковски. Сепак, со поголема аналитичност, но и умереност и балансираност, „Утрински весник“, како и ТВ „А1“, успеваа да ја појаснат и ситуацијата и својот однос околу тоа прашање.[3]

Интересирањето на медиумите за положбата на македонското малцинство во Србија доминира и во овој период. Паралелно со оваа поттема, медиумите известуваат и за реакциите на властите во Белград по повод настаните и државната политика поврзана со македонско-косовските односи. Медиумите на македонски јазик посебно ја акцентираат „*лутината*“ на официјален Белград поради владината политика и особено поради потезите на премиерот Бучковски во врска со прашањето за границата меѓу Косово и Македонија.

Тенденцијата за зголемен број материјали посветени на македонско-бугарските односи продолжи и во мај. Поттемата за македонското историско наследство лансирана од „Време“[4], во овој период ја прифати и „Дневник“ („*Присвојување на реликвии*“, 08.05.2006). Станува вообичаено медиумите да известуваат за активностите и реакциите на некои од бугарските политички партии и властите во Софија по повод актуелни настани („*Каракачанов бара дејства против `сепаратистите` од ОМО*“, „Дневник“, 08.05.2006). „Утрински весник“ не ја афирмира, напротив - не се согласува со иницијативата за заедничка прослава на Илинден. Фичерите и легендите под илустрациите сугерираат постоење противречност во евентуалната заедничка прослава, а идејата ја поврзуваат со проблемите околу неодамнешното чествување на годишнината од загинувањето на Јане Сандански во Рожен („*Разлики – Бугарија и Македонија за Илинден имаат различно видување и заедничката прослава ќе значи отворање на старите рани*“, 10.05.2006). „*Македонците ме избраа за кмет*“, е наслов на текст (интервју со

[3] Главната порака што произлегува од неколкуте прилози (текстови, фичери, легенди под илустрации) во **„Дневник“** од 6/7.05.2006 е дека „премиерот Бучковски има попустлива позиција во односите со Чеку и дека со тоа ги загрозува и односите со СЦГ, но и македонските национални интереси“ („*Косовскиот премиер и диктира темпо и агенда на македонската Влада*“, „*Бучковски го суспендира Белград*“). Инаку, наспроти критиката за Премиерот, весникот ја афирмира опцијата и позицијата на претседателот Црвенковски. Највпечатлив и најзабележлив негативен однос кон актерите Чеку и Бучковски, но и кон Косово во целина – демонстрира весникот **„Вечер“**. Во врска со оваа тема, весникот често и доминантно објавува шпекулативни материјали, со авторски оцени, сугестии и прогнози, изработени во манипулативен дискурс и редовно непотпишани или потпишани со иницијали. Инаку, и овој весник спаѓа во групата медиуми кои по ова прашање имаат афирмативен однос кон претседателот Црвенковски. Аналитичните текстови и прилози, пак, во **„Утрински весник“** и **ТВ „А1“** ја доближуваат пореалната слика за ситуацијата и позицијата на актерите околу т.н. *„гранично прашање“*: „*Косовскиот премиер Агим Чеку не ја признава македонско-српската спогодба за границата, но ги признава решенијата од тој документ*“ („Утрински весник“, 08.05.2006); „*Косовската влада не го признава договорот меѓу Белград и Скопје од 2001 година, со кој околу 2500 хектари косовско земјиште остана на македонска територија, но ја признава административната граница, онаа што постоеше пред потпишувањето на договорот меѓу Македонија и СЦГ од 2001 година*“ (ТВ „А1“, 04.05.2006).

[4] **„Време“** посвети серија написи посветени на реституцијата на македонското културно наследство, за која повод беше изложбата во софискиот историски музеј на која, како што соопштува весникот, биле претставени и артефакти со потекло од Македонија. Во овој период „Време“ ги критикува и македонските власти поради префрлањето на одговорноста за тој случај („*Недостига акција за враќање на културното богатство*“, 03.05.2006). Инаку „Време“ со неколку написи ги третираше македонско-бугарските односи од аспект на соработката во рамките на НАТО (како што е опишано погоре во точката „Македонија и НАТО“).

градоначалникот на Софија, Бојко Борисов) објавен во „Време“ (09.05.2006). Насловот претставува парафразирање на една изјава на градоначалникот Борисов.[5]

Медиумите забележуваат зачестеност на средби меѓу македонски и грчки политичари и, едновремено со таа констатација, умерено позитивно ги нагласуваат важноста и значењето на тие активности (во овој период средбите Црвенковски – Караманлис и Митрева – Бакојани). Во зачестеноста на средбите, неколку медиуми гледаат „нормализација на политичките односи меѓу двете земји по признавањето на уставното име на Македонија од страна на САД“ (ТВ „Канал 5“, „Време“ и делумно ТВ „А1“). Од друга страна, пак, зачестено се среќаваат оцени дека „*Грција ја уценува Македонија*“ („Дневник“ и ТВ „Канал 5“), со таа разлика што за таквиот однос на Грција кон Македонија ги критикуваат македонските политичари; „*Злосторство и казна*“, „Дневник“, 6/7.05.2006). Општ став е дека во ситуацијата на затоплувањето на односите, сепак, спорот за името е „*табу тема*“ или „*Грција смета дека направила максимум и нема да има промени во ставовите*“. Медиумите известуваа за рекацијата на Европската федерална унија за етничките малцинства, односно за лошиот однос на Грција спрема македонското и другите малцинства во оваа држава.

Освен неколкуте кратки материјали, од информативен жанр, за посетата на македонскиот вицепремиер Муса Џафери на Тирана и за средбата на министрите Фатмир Бесими и Генц Рули, македонско-албанските односи не беа поопширно третирани во овој период.

### Децентрализација

Видлив е критичкиот однос на медиумите кон настаните и активностите поврзани со остварувањето на децентрализацијата. Иако критиката е умерена и најчесто индиректна, сепак е забележливо дека таа е насочена пред се кон централната власт. Слабите оцени и критиката се темелат врз изјавите на поголемиот дел од цитираните субјекти. Во овој период темата децентрализација најактивно беше следена од весниците „Време“ и „Вечер“.

Распределбата на финансиските средства за обнова или изградба на водоводи во повеќе општини е повод за весникот „Време“ да ја критикува Владата. Иако оцените и критиките се парафразирани изјави на засегнатите претставници на општините, видлива е и интервенцијата на весникот во засилувањето и сугерирањето на пораката до публиката („*Скандалозна поделба на парите за инфраструктурата – Владата ги распредели парите за водоводи – Липково доби повеќе пари од Прилеп, Битола и Велес заедно - Градоначалниците на педесетина од вкупно 60-те општини што добија пари се кадри на СДСМ или на ДУИ, за 24 општини нема ниту денар*“; 12.05.2006). Во насловите (и коментарите) што ги објави „Вечер“, исто така, може да се види ставот на медиумот за ефектите од досегашната децентрализација: „*Стагнира економскиот развој на локалните самоуправи – Општините кукаат по државно земјиште – Општините никогаш нема да доживеат економски развој се додека државата стопанисува со земјиштето со кое може да привлекуваат странски инвестиции*“; 09.05.2006).

### Реформи во судството

Иако со релативно мал број материјали, медиумите заинтересирано ги следеа настаните поврзани со оваа тема. Законот за судски совет, последниот од пакетот закони за реформи во судството, како и измените во Кривичниот законик во делот за службена одговорност (злоупотреба на службена положба), беа двете теми за кои медиумите известуваа, но и манифестираа однос кон некои аспекти и прашања поврзани со нив. Повеќето медиуми не ги одобруваа измените во Кривичниот законик и во тој акт гледаа политички договор меѓу премиерот Бучковски и опозиционерот Љубчо Георгиевски, од којшто како резултат ќе произлезе амнестија од одговорноста на поранешни функционери, сопартијци на Георгиевски, обвинети (или осудени) за злоупотреба. Релативна медиумска афирмација и одобрување доби

---

[5] На прашањето „*Верувате ли во европската иднина на Балканот, кога во исто време, на пример, Македонија и Бугарија спорат за јазикот, за културата?*“ Борисов вели: „*Но, во исто време тука дојдоа македонски граѓани што станаа бугарски државјани и ми дадоа голема поддршка за градоначалник за време на локалните избори. Јас и со помошта на Македонците станав кмет на Софија*.“

претседателот Црвенковски бидејќи не го потпиша указот за прогласување на измените. Иако и неколкуте други медиуми активно ја следеа темава, најзаинтересиран за овој аспект беше „Утрински весник“ („*Црвенковски не потпиша бришење на службената одговорност - Црвенковски не го потпиша спорниот закон - Дипломатите беа фрапирани од упорноста на пратениците по секоја цена да се амнестираат политичарите кои ја злоупотребиле службената должност*“; 12.05.2006).

**Декада за општествено вклучување на Ромите**

Во краткиот период што го опфаќа мониторингот, анализата не регистрираше материјали во кои медиумите манифестираат свој однос и став кон прашања, поттеми и аспекти од оваа тема. Објавените материјали спаѓаат во информативните жанрови, најчесто описни извештаи за настани во кои се инволвирани или ги засегаат претставниците на оваа етничка група.

## 3. Специфичности

За да ги утврди и проучи специфичностите кои се карактеристични за секој медиум посебно, анализата користеше шест фактори при третирањето на селектираните материјали (текстови/прилози, илустрации, стрипови, карикатури): **1.** Однос кон анализираните теми (бројност и интензитет на објавените материјали, обем, местоположба [пласман] на материјалот на страниците или редослед во емитувањето); **2**. Жанровска структура и карактер на прилогот или текстуалната единица; **3.** Соодност наднаслов-наслов-поднаслов и текст-илустрација [најава-прилог-снимка]; **4.** Извор(и) на информации; **5.** Актер(и); **6.** Однос кон фактите.

### 3.1. Телевизиски станици

**ТВ „А1“**

Иако е релативно мал бројот на прилози во вестите на ТВ „А1“ кои се посветени на анализираните теми, и понатаму значајно е присуството на прилози за односите на Македонија со ЕУ (14), наспроти дел од темите (Роми, Децентрализација, МПЦ-СПЦ) за кои не е емитуван ниту еден прилог.

Најголемиот дел од прилозите се извештаи со описен карактер, а поретко се сретнуваат извештаи кои содржат главно поумерени оцени, сугестии или прогнози. Директните оцени се присутни во дел од уредничките најави, додека пак насловите и генералната најава повремено содржат суптилни оцени или сугестии, главно во линија со оние изразени во прилозите. Визуелната илустрација има исклучиво описна функција.

Изворите најчесто се јасно именувани. Повременото присуство на општо именувани субјекти не влијае врз впечатокот за коректно користење на изворите. Во овој период шпекулации од неименувани извори речиси и не се присутни.

Ставовите на поголемиот дел од актерите во настаните се презентирани со директни изјави, без дополнителни коментари од авторите. Критичкиот однос на „А1“ кон субјекти од власта или власта како целина и понатаму е присутен. Оцените и сугестиите, за разлика од претходните периоди, презентирани се со поумерен тон. Со директни оценки се проследени дел од изјавите на државниот врв (на пример, ТВ „А1“ сметаше дека претседателот Црвенковски направи обид да ја скрие вистината по средбата со Караманлис - „*Она што се обиде да го сокрие Црвенковски сношти, Караманлис веднаш по разговорите јасно го кажа преку својот Кабинет*”, 04/05/2006). Присутни се и почести забелешки за одредени недоволно јасни ставови во врска со Косово (на пр., дилемата која граница македонските и косовските власти ја сметаат за валидна).

Фактите главно се презентирани и интерпретирани без нагласено вреднување. Оцените и сугестиите често се темелат на оние изразени од цитирани релевантни субјекти. Исклучоци кои го нарушуваат впечатокот за коректно и неутрално информирање се неколкуте директни, па и остри вреднувања во некои прилози и уреднички најави пред да бидат соопштени фактите на кои

се однесува вреднувањето. Во тие исклучоци спаѓаат и сугерирањата кои делумно влијаат врз сликата за настаните (на пр., за инволвираноста и поврзаноста на Македонија и САД во „случајот Ел Масри" - „*Дали официјален Вашингтон ќе ја спасува Македонија во случајот со германскиот Либанец?!* , 12.05.2006").

### ТВ „Канал 5"

Во анализираниот период од темите кои се следат најприсутни се: "Односи во регионот (10)" и "Односите со ЕУ (6)" .

Покрај извештајот кој е најчесто употребуван за презентирање информации, присутни се и останатите информативни жанрови. Меѓутоа, нивниот описен карактер кај повеќето прилози е обременет со авторски оцени и сугестии, кои постигнуваат кулминација во малкуте прилози од мешан жанр објавени на темата "Односи со соседите". Прилозите соодветно се визуелизирани, но понекогаш снимките не се означени.

Најавите соодветствуваат со прилозите и честопати се краток преглед на настаните за кои се информира. Во овој период намалено е нивното користење за вреднување на настаните и актерите, но сепак се присутни и такви прилози, со оценувачки и сугестивни најави.

ТВ „Канал 5" главно користи јасно именувани извори. Во овој период се забележани само неколку повикувања на непрецизни извори: „*младите*", „*опозиционерите*" и сл.

Овој медиум го задржува етаблираниот неутрален однос кон актерите и коректното презентирање на фактите.

### „МТВ 1"

Во анализираниот период „МТВ 1" најинтензивно известуваше за случувањата поврзани со интегративните процеси на Македонија во Европската унија и во НАТО-алијансата, како и за односите со Косово, особено во поглед на демаркацијата на границата.

Доминантен жанр беше извештајот, а информациите беа пренесувани на описен начин, иако некогаш премногу површно.

Иако повеќето од прилозите не беа многу важни за да бидат дел од генералната најава, оние кои беа дел од неа, беа резимирани соодветно.

Генерално гледано, изворите беа прецизно наведувани, а во овој период не беше забележано фаворизирање ниту на власта ниту на опозицијата. Исклучок во претпочитање актери, т.е. страни во приказната имаше при известувањата за односите со Грција, кога „нашата" страна го имаше „главниот збор" во презентирањето на изјавите.

Актерите во настаните беа и прекажувани и цитирани (во прилозите за односите Македонија - Грција, грчката страна најчесто беше прекажувана). Не беа забележани никакви оценувања на учесниците во настаните.

Фактите беа претставувани онака како што се случиле без дополнителни интерпретации и вреднувања.

### „МТВ 2" (Програма на албански јазик)

Доминираат прилози посветени на односите со ЕУ, потоа и за односите со Косово, додека со помал број прилози беа третирани судските реформи и односите со НАТО. Главната карактеристика за овој период е тоа што за останатите теми оваа редакција не објави ниту еден прилог.

Според жанровската структура и карактерот на текстуалната единица беа објавувани претежно извештаи, вести и изјави.

Соодносот меѓу насловот-наднасловот-поднасловот и текстот, како и нивниот однос со илустрацијата е коректен и професионален.

Во најголем број случаи настаните во земјата се покриени со актуелни снимки, додека за останатите беа користени архивски.

Изворите на информациите се претежно именувани и не е забележана манипулација со употреба на анонимни извори.

Односот и кон актерите и кон фактите е неутрален.

### ТВ „Сител“

ТВ „Сител“ презентираше многу мала количина информации за темите кои се предмет на оваа анализа. Од нив по бројност се издвојуваат прилозите за односите во регионот, особено односите со Косово.

Најзастапен жанр беше извештајот, а со ист интензитет беше присутно и мешањето жанрови. Инаку, информациите беа од описен карактер.

Најавите на прилозите беа долги, понекогаш подолги и од самиот прилог, но генерално беа во логичен сооднос со содржината и без тенденции кон сензационализам. Визуелните елементи што се користеа во повеќето случаи беа застарени и неозначени.

Во многу случаи беше тешко одредувањето на изворите на информациите. Притоа, не беше забележано форсирање на некоја политичка опција или воопшто инволвирана страна во некој настан.

Актерите беа многу ретко цитирани и прекажувани (во поголемиот дел од прилозите новинарите ги раскажуваа настаните без да се задржат на конкретни изјави на главните актери). Не беше забележано нивно оценување во никаква конотација.

Фактите беа претставувани онака како што се случиле, без вреднување и дополнително толкување.

### ТВ „Телма“

Анализата забележува значајно опаѓање на интересот на медиумот за децентрализацијата и односите со ЕУ, додека во прв план доминантно излегуваат односите со Косово, но во овој период и судските реформи.

Доминираат извештаите, вестите и изјавите.

Редакцијата успева солидно да ги покрие настаните, и со текст и со илустрација. Освен актуелни снимки, се користат и други типови илустрација, на пример, архивски снимки.

Авторите користат претежно именувани извори, но во некои случаи прибегнуваат и кон претпоставки (на пример, во случајот со дислоцирањето на споменикот на т.н. „Командант Струга“, во истоимениот град. ТВ „Телма“ ја следи линијата на развојот на настанот, но поради непрецизните извори, сепак останува на претпоставки или шпекулации. (ТВ „Телма“, 5.05.2006)

Односот кон актерите е неутрален, ако не се смета малата доза иронија во еден од прилозите упатена на адресата на Владата.

Односот кон фактите е неутрален и не е забележана манипулација со нив.

## 3.2. Дневни весници

### „Вест“

Во анализираниот период „Вест“ објави многу малку материјали релевантни за анализава, меѓу кои нешто повеќе внимание им беше посветено на односите со соседите.

Веста, извештајот и колумните беа најзастапениот жанр кај текстуалните единици. Оценувачкиот карактер на пишаното беше видлив и во овој период. (“*Да бев на 9 мај во Виена и јас исто така би кажал. Ама не бев. Бев пред оградата на австриската амбасада во Скопје. Стоев гордо пред знамето на ЕУ и молев Бога нешто да ми засвират за да ми помине полесно чекањето. Ние најгордо стоиме пред знамето на ЕУ кога чекаме визи. А уште погорди ќе бидеме в година кога ќе поскапат визите. Ќе ни биде чест наместо 35, да плаќаме 60 евра*“; 13.05.2006).

Главно обележје на насловите на текстовите е „впечатливоста“ („*Затворски математики*“, „*Терминатор коалиција*“ и сл.), без разлика на фактот дека тие можеби и не кореспондираат со

содржината под нив. Илустративниот материјал, таму каде што го имаше, беше реалистичен и претежно асиметрично поголем од текстот.

Во овој период доминираа нејасни извори („*наши извори*“, „*блиски на семејството на Бошкоски*“), а преферирање на некоја особена страна не беше утврдено.

Актерите во настаните најчесто беа парафразирани, а неретко за нив беа изнесувани и коментари во негативна конотација („*Претседателот Бранко Црвенковски пак имаше нешто битно да изјави. И тоа беше многу итно, па на вестите на „Канал 5“ ни се јави преку сателитска врска од Солун. Кога ја видов драматичната најава мислев дека или не примиле во Европската унија или Солун дефинитивно станал наш*“, 6.05.2006).

Доколку се потпреме само на колумните (на новинари и уредници) кои ги објавува „Вест“, сликата што ќе ја добиеме за настаните што се случиле ќе биде сосема искривена, но ќе го дознаеме и ставот на весникот за некои политички прашања и општествени состојби. („*На Црвенковски му пукнал филмот. За што логично следи заклучокот дека треба почесто да патува за да се изнервира доволно и да каже се што мисли, слободно, од наше име. А ние за тоа време ќе продолжиме да развиваме добрососедски односи. Само за празниците на 1 Мај, за 4 дена во Грција сме оставиле 4 милиони евра, добро што беа само 4 и што нема време цела „Икеа“, гардероба и храна да им се купи. Колку да знаат дека стварно сме нервозни за името*“.)

## „Вечер“

Во континуитет, темите “Односите со ЕУ (9)“ и “Односи во регионот (8)“ предизвикуваат најголем интерес кај овој медиум, додека темите “Ромска декада“ и “Реформите во судството“ во овој период не се застапени ниту во еден прилог. Овој медиум зазема позитивен став кон затворање на прашањето за демаркација на северната граница, но е со критичен став кон настаните, инволвираните субјекти и можните начини на имплементација.

Извештајот е најчесто користениот жанр за пренесување на информациите, но описниот карактер во повеќе наврати е збогатен со оцени и сугестии. Тоа е уште позабележително кај жанровски мешаните материјали, иако во овој период се со намалено присуство.

За овој медиум е типично објавувањето материјали со оценувачки и сугестивни наслови, чија цел е однапред да изградат одреден став кај читателот, односно суптилно да ја изменат насоката на контекстот на самата приказна.

Карактеристично во овој период е повикувањето на прецизно идентификувани извори. Исклучок од ова претставуваат ретките материјали во кои тие се недоволно прецизно именувани или воопшто не се спомнати. За пофалба се илустрациите кои најчесто се фотографии од настаните и портретни снимки, но честопати тие не се означени.

Неутралниот однос кон актерите е нарушен кај материјалите кои се однесуваат на регионалните односи каде е присутно нивно негативно вреднување.

Во овој период фактите се презентирани коректно без нивно дополнително толкување и вреднување.

## „Време“

Од анализираните материјали, топ-тема во „Време“, според квантитетот, се односите во регинот. И во квалитативна и во квантитативна смисла, значајно место им е посветено на односите на Македонија со ЕУ. Најмалку прилози се објавени за односите со трибуналот во Хаг и спорот на СПЦ со МПЦ. Што се однесува до актуелните настани, посетата на Чеку беше проследена неутрално, во „случајот Ел Масри“ преовладуваше шпекулативниот тон, додека пак 9 мај беше повод, „Време“ суптилно, но јасно, да го изрази позитивниот став кон евроинтеграциите, односно да го одбележи Денот на Европа како празник, ден на кој ќе се slaват придобивките на евроинтегрирањето. Но притоа, не се сосема занемарени негативните трендови во овој процес и реалната позиција на Македонија.

Прилозите главно имаат структура на извештаи или вести со описен карактер. Карактеристично е тоа што за анализираните теми не е објавен ниту еден коментар или каков било друг прилог со доминантно оценувачки карактер. Оцените и сугестиите, без оглед на

нивната цел, тон, интензитет и експлицитност, изразени се главно во насловниот дел, но суптилно и во дел од прилозите со структура на извештај. Што се однесува до визуелната илустрација, објавени се неколку фотографии чии содржини сосема коректно и креативно ја дополнија сликата за одредени процеси, но и ги поткрепија позитивните или негативните оцени од медиумот („*И ние чевли за ЕУ имаме*“; „*(Д)ефектите на децентрализацијата...*“).

Доминантното присуство на прецизно именувани извори, цитирани директно или индиректно, сепак не може сосема да го потисне негативниот впечаток што го остава реткото, но нагласено присуство на нејасни шпекулативни извори. Нивната анонимност во одредени случаи делува сосема неоправдано и нелогично, пред се, поради нивната позиција и осетливоста на темата за која даваат информации (на пр., „*член на делегацијата*“ на Европарламентот за случајот „Масри“).

Главно коректниот став кон актерите, „Време“ се обиде го потврди со *искреното* извинување упатено до министерот Михајловски и читателите поради лошо пренесена изјава, но како што вели и самиот медиум: „*...Ниту времето, ниту карактерот на работата не може да ги оправдаат превидите што се случуваат понекогаш при пренесувањето на јавноизнесените ставови...*“.

„Време“ главно презентира и интерпретира факти од релевантни извори, без дополнително вреднување. Исклучок се одредени информации со дискутабилна веродостојност, не толку поради самата содржина, колку поради дискутабилната релевантност на изворот (поради (не)оправданоста за неговата анонимност).

## „ДНЕВНИК“

Доминираат темите: односите со ЕУ (18) и односите со соседите (22), со пособен акцент на релацијата Македонија - Косово.

Доминира жанровската форма – извештај, иако присуствуваат и други жанрови, како на пример, интервјуто (со актуелни атрактивни политичари, дипломати, во случајов, Ереван Фуере, претставникот на ЕУ во Македонија). Коментаторските прилози главно се застапени во третирањето на актуелни полтитички, понекогаш и контроверзни теми - на пример, односите на Македонија со Грција.

Соодносот на главните елемети кои го сочинуваат прилогот зависи од атрактивноста на настанот за кој се известува. Па така, тие прилози ја имаат следнава конструкција: жанрот е коментаторски извештај, насловот е сугерирачки, илустрацијата е реалистична, но легендата сугерирачка. Покрај овие елементи, прилогот е проследен и со едно или две антрфилеа, со сугерирачки наслов, кои истакнуваат определен сегмент соопштен во прилогот.

Доминира описното презентирање на фактите.

Изворите на информации најчесто се прецизно наведени. Непрецизни извори среќаваме во темата односите со ЕУ, кои често мошне креативно се срочени.

Во прилозите на „Дневник“ не е забележана критика упатена кон личноста на именуваните актери, но се забележува критика или промоција на постапките на актерите. На пример, забележлива е критиката на постапките на премиерот Владо Бучковски во однос на разграничувањето со Косово, а позитивна афирмација на претседателот Брнко Црвенковски во однос на истиот проблем.

Присутни се некои компоненти кои ја определуваат позиционираноста на весникот: заштита на македонското малцинство во соседните земји, критика на политиката на Владата, афирмирање на улогата на Претседателот.

## „УТРИНСКИ ВЕСНИК“

Односите со соседите (14), особено со Косово, реформите во судството (19) и односите со ЕУ (16) се централни теми во „Утрински весник“.

Централните теми се „покриени“ главно со прилози од мешовит жанр: коментар и извештај, коментар и анализа. Презентираните факти кај овој вид прилози се најчесто проследени со интервенции и интерпретации на авторите.

Прилозите кои имаат структура на коментаторски извештај и коментар, како и коментар со елементи на анализа, имаат главно сугерирачки наслови (и наднаслови и поднаслови), реалистични фотографии проследени со легенда која содржи порака што ја нагласува главната тема на прилогот, фичери чиј број зависи од важноста на информацијата која се пренесува во прилогот и непрецизни извори.

Доминантни актери во овој период се премиерот Владо Бучковски и претседателот Бранко Црвенковски. Премиерот е интензивно позитивно вреднуван во прилозите кои се однесуваат на релацијата Македонија – Косово, во однос на прашањето за демаркација на границата, а Претседателот е афирмативно презентиран во прилозите кои се однесуваат на реформите во судството, особено усвојувањето на предлогот за измени на кривичниот законик, каде пак Премеирот е остро критикуван.

Опозицијата е критикувана во однос на нејзините реакции за ставот на Владата за демаркација на границата со Косово.

## „Факти“

Интересот на „Факти“ беше насочен кон две теми: на односите на Македонија со Косово, како и на односите со ЕУ. Втората група теми ја сочинуваат судските реформи и децентрализацијата. Преостанатите теми се, речиси, запоставени.

Доминираат информативните жанрови: извештај, вест, изјава, додека во помала мера и интервјуто (Рамиз Мерко, струшкиот градоначалник, Абдулхади Вејсели, лидер на ПДП). Коментари на редакцијата за анализираните теми немаше, иако имаше извесни критички забелешки во некои текстови, како на пример, за употребата на албанскиот јазик во Кичево („*Се уште не функционира службен пат*“, 05.05.2006).

Не е забележан дебаланс меѓу насловите и текстовите.

“Факти“ во овој период користи претежно именувани извори и не се забележани манипулации со нив.

Гледано во целина, доминира информативниот дискурс, па оттука, и неутралниот однос кон актерите.

Односот кон фактите главно е неутрален, но во овој период е забележан и критички пристап во интерпретирањето на некои факти, како во случајот на употребата на албанскиот јазик во Тетово и Кичево („*Се уште не функционира службен пат*“,05.05.2006).

# ПРИЛОЗИ

**ИНТЕНЗИВНОСТ НА ОБЈАВЕНИ МАТЕРИЈАЛИ ПО МЕДИУМИ ЗА АНАЛИЗИРАН ПЕРИОД**

***За период: 03 - 14 мај 2006***

| Тема | Медиум | | | | | | | | | | | | Вкупно (по тема) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А1 | Вест | Вечер | Време | Дневник | Канал 5 | МТВ 1 | МТВ 2 на албански | Сител | Телма | Утрински весник | Факти | |
| 1. Односи во регионот | 9 | 8 | 8 | 28 | 22 | 10 | 14 | 8 | 9 | 6 | 14 | 12 | **148** |
| 2. Односите со ЕУ | 14 | 2 | 9 | 22 | 18 | 6 | 11 | 10 | 7 | 4 | 16 | 12 | **131** |
| 3. Реформи во судството | 3 | 2 | 0 | 6 | 4 | 2 | 1 | 5 | 1 | 7 | 19 | 4 | **54** |
| 4. Односите со НАТО | 3 | 2 | 6 | 4 | 5 | 1 | 6 | 5 | 2 | 2 | 1 | 6 | **43** |
| 5.Децентрализација | 0 | 3 | 2 | 10 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 4 | **24** |
| 6. Спорот СПЦ - МПЦ | 0 | 0 | 1 | 1 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | **18** |
| 7. Спор за името | 1 | 0 | 2 | 2 | 6 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | **16** |
| 8. Хашкиот трибунал | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 3 | 1 | **15** |
| 9. Роми | 0 | 0 | 0 | 2 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **7** |
| **Вкупно (по медиум)** | **32** | **19** | **29** | **76** | **70** | **21** | **35** | **28** | **19** | **25** | **63** | **39** | **456** |